# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 И 2023 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2027 И НАП ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2024

Август 2024

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 и 2023 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и НАП за родова еднаквост 2022-2024**

## СОДРЖИНА


ЛИСТА НА КРАТЕНКИ: ........ 2

1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ОПШТИТЕ ЦЕЛИ СОГЛАСНО НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2024 ........ 3

2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО НАПРЕ 2022-2024 ........ 7

3. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ ........ 19

4. АНЕКС
   Табеларен преглед на реализирани активности

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ:

| | |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и рурален развој |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ГО | Граѓански организации |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЗСД | Завод за социјални дејности |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МК | Министерство за култура |
| МП | Министерство за правда |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МО | Меѓународни организации |
| МСПДМ | Министерство за социјална политика демографија и млади |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НАПРЕ | Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024 |
| НКТ | Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство |
| НСФ | Национални спортски федерации |
| ОДУ | Органи на државната управа |
| ООН | Организација на обединетите нации |

# 1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ОПШТИТЕ ЦЕЛИ СОГЛАСНО НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2024

Овој извештај дава преглед на постигнатите резултати и спроведените активности во текот на 2022 и 2023 година предвидени со Националниот Акциски план за родова еднаквост 2022-2024 година (НАПРЕ) за спроведување на Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 година (Стратегијата).

Спроведувањето на Стратегијата значи и исполнување на обврските преземени со пристапувањето кон Конвенцијата на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација на жената како и придонес кон исполнувањето на политичките критериуми за членство во Европската Унија.

Истиот е изработен од страна на Секторот за еднакви можности во Министерството за социјална политика демографија и млади (МСПДМ) согласно член 12 став 1 алинеја 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите. Имајќи во предвид дека Стратегијата е донесена крај на јули, последните 4 месеци од 2022 година се интегрирани во овој Извештај. Во текот на 2022 година, во периодот од донесувањето на Стратегијата во јули 2022 до декември кога се подготвува Националниот акциски план, континуирано се спроведуваа активности поврзани со зајакнување на процесите кои водат до родова еднаквост:

Годишниот извештај од методолошки аспект е подготвен врз основа на добиени информации од органите на државната управа за изработка на: Извештаи на органите на државна управа (ОДУ) кои се носители на активностите во НАПРЕ доставени до МСПДМ и Годишен Извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во Република Македонија за 2023 година. Од 16 носители на активности во НАПРЕ, 2 односно Министерството за култура и Министерството за земјоделство и шумарство немаат доставено информации за спроведување на активностите по стратешки цели. Важно е да се напомене дека дел од носителите на активности кои што доставија информации не содржат податок за финансиски средства.

Националниот план за родова еднаквост (НАПРЕ) 2022-2024 е документ со кој се дефинира начинот на спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027, донесена од страна на Собранието на РСМ на ден 27.07.2022 година, преку дефинирање на активностите, индикаторите за активностите, носителите на обврска за спроведување на истите, временската рамка и издвоените финансиски средства за спроведување на активностите утврдени со Стратегијата, а кои сите заедно имаат цел за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените.

Националниот Акциски План 2022-2024, беше подготвен од работна група, составена од претставници на министерства, други органи на државна управа и претставници на граѓанскиот сектор чии области на делување се опфатени со Стратегијата, односно кои се посветени и работат на зајакнување на видливоста и вклученоста на родовата еднаквост во сите сегменти на секојдневното живеење.

Националниот Акциски План 2022-2024 ги опфаќа активностите, индикаторите, носителите на активностите, временската рамка и потребниот буџет за спроведување на активностите со кои се постигнуваат специфичните и општите цели поставени со Стратегијата, во првиот период – од 2022 до 2024 година.

Покрај тоа што во Стратегијата е предвидено да се подготват Годишни оперативни планови за операционализација на Националниот Акциски План 2022-2024, дел од Министерствата ги имаат подготвено и објавено на веб страниците, но не е воспоставена пракса од сите надлежни органи за нејзино спроведување.

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 опфаќа три општи цели: 1) воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво, 2) подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот и 3) сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет. Стратегијата предвидува специфични цели и индикатори за остварување на општите цели.

# ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ

**1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВЕН И ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО**

- 1.1. Унапредување на родовите механизми на централно и локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост
- 1.2. Воспоставување на функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и буџетските процеси на централно и локално ниво
- 1.3. Воспоставување на ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки
- 1.4. Имплементација на родова перспектива во работата и креирањето мерки и програми во време на вонредни услови и кризни состојби на централно и локално ниво

**2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО СИТЕ ОБЛАСТИ НА ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ**

- 2.1. Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап
- 2.2. Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа
- 2.3. Зајакнати механизми за заштита на животната средина и креирање на родово одговорни политики за климатски промени и климатски отпорни политики за родова еднаквост
- 2.4. Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и јавниот живот
- 2.5. Еднаков пристап до здравствена заштита за сите жени
- 2.6. Родово сензитивни образование и наука
- 2.7. Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување на позитивен мир
- 2.8. Подобрување на пристапот до социјални услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност
- 2.9. Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи
- 2.10. Унапредување на родовата еднаквост во спортот
- 2.11. Унапредување на родовата еднаквост во културата

**3. СУЗБИВАЊЕ НА РОДОВИТЕ СТЕРЕОТИПИ И ГРАДЕЊЕ КУЛТУРА НА НЕНАСИЛСТВО И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ПОЛ, РОД И РОДОВ ИДЕНТИТЕТ**

- 3.1. Спречување и борба против родово базирано насилство
- 3.2. Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост

Националниот план за родова еднаквост 2022-2024 е документ со кој се дефинира начинот на спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027, донесена од страна на Собранието на РСМ на ден 27.07.2022 година, преку дефинирање на активностите, индикаторите за активностите, носителите на обврска за спроведување на истите, временската рамка и издвоените финансиски средства за спроведување на активностите утврдени со Стратегијата, а кои сите заедно имаат цел за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените.

Во НАПРЕ опфатени се 31 резултат со 87 индикатори на ниво на резултат, 51 индикатор на ниво на активност со вкупно 56 активности. Од нив во референтниот период спроведени се 34 активности ( 61%), 8 се делумно спроведени ( 14%), во тек се 7 активности ( 12.5%) и 7 активности не се спроведени (12.5 %).

Графички приказ 1: Степен на реализација на активности




Во Општата цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво, од вкупно 13 предвидени активности, 9 се спроведени (69%), 3 се делумно спроведени (23%) и 1 не е спроведена (8%).

Графички приказ 2: реализирани активности во Општа цел 1



Во Општата цел  2: Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот, од вкупно 33 предвидени активности, 18 се спроведени (55%), 5 се делумно спроведени (15%), 4 се во тек (12%) и 6 се не спроведени (18%).

Графички приказ 3: реализирани активности во Општа цел 2




Во Општата цел  3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет, од вкупно 10 предвидени активности, 7 се спроведени (70%), 3 се во тек (30%).

Графички приказ 4: реализирани активности во Општа цел 3



Спроведувањето на овие стратешки документи придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените во земјата во предвидениот период на имплементација во различни области.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО НАПРЕ 2022-2024

Во периодот опфатен со овој извештај постигнати се одредени резултати во остварувањето на родовата еднаквост, согласно Стратегијата и НАПРЕ во овој дел од извештајот дадени се состојбите во одредени области како и преглед на преземени активностите од страна на носителите.

Во однос на застапеноста на жените и мажите во структурите на носење одлуки, во 2022 година во Собранието на Република Северна Македонија, жени се 40,83% од вкупниот број пратеници, односно 49 пратенички кои го сочинуваат Клубот на пратенички.[1]

Според Извештајот за работата на Собранието на Република Северна Македонија за 2023, од вкупниот број на пратеници 47 се жени, односно 39.1% [2] . Во 33-та Влада на Македонија од 16 министерства 4 жени се назначени за министерки односно 25%, а 12 мажи министри односно 75%.

На локално ниво нема промени бројот на жени градоначалнички односно има само две од вкупниот број градоначалници (81) во државата (локални избори 2021 година на кандидатските листи за градоначалник, само 8,36% се жени, односно од вкупно 299 кандидати, само 25 се жени).

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022 година, активно население на пазарот на труд се 808 078 лица, од кои 59.4% се мажи и 40.6% жени, 692 034 се вработени од кои 58,5% мажи и 41,5% жени а 106 045 лица се невработени од кои 64.8% мажи и 35.2% жени, вкупно неактивно население 656 415 од кои 37,2% мажи и 62.8% жени[3].

Додека во 2023 година, активно население на пазарот на труд се 791 647 лица, од кои 58.4% мажи и 41.6% жени, 688 296 се вработени од нив 57,6% се мажи и 42,4% се жени, а 103 351 лица се невработени од кои 63.8% мажи и 36,2% жени, вкупно неактивно население е 723 459 од нив 39,1% мажи и 60,9% жени.[4] Споредбено со 2022 година во 2023 година може да се забележи благо зголемување на активноста на жените на пазарот на трудот.

Во 2022 година мерката за вработување и раст на правен субјект спроведена од страна на Министерство за социјална политика демографија и млади ја искористиле вкупно 446 апликанти од кои 196 или 44% биле мажи, додека 250 или 56% биле жени. Во наредната 2023 година од вкупно 545 апликанти кои ја искористиле оваа мерка 267 односно 49% биле мажи и 278 или 51% биле жени. Во АППРСМ во 2023 година од вкупно 2042 апликанти за изработка на бизнис планови 1267 или 62,5% биле мажи додека 775 или 37,95 жени. Исто така во оваа институција од вкупно 398 ваучерски системи на советување корисници биле 13 или 33% мажи додека 26 или 67% биле жени

Според Извештајот од Регистарот на вработените во јавниот сектор за 2022 година во јавниот сектор на Република Северна Македонија, активни се 1.354 институции, во кои работен однос имаат засновано 129.374 лица, додека од анализата на структурата на податоци разделени по пол за 110.465 вработени во јавниот сектор, жени се 62.178, односно 56,29%, додека мажи се 48.287 односно 43,71%.

---

[1] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/ednakvi%20moznosti/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%95%D0%9C%20%D0%B7%D0%B0%202021%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%20(2).pdf, стр. 14-15

[2] https://www.sobranie.mk/content/izvestai/GODISEN%20IZVESTAJ%202023.pdf

[3] https://www.stat.gov.mk/pdf/2023/2.1.23.05_mk.pdf

[4] https://www.stat.gov.mk/pdf/2024/2.1.24.05_mk.pdf

Во овој контекст, во 2023 година во јавниот сектор активни се 1.371 институции, во кои работен однос имаат засновано 128.879 лица. Од вкупно 110.169 вработени во јавниот сектор, жени се 62.585 односно 56,8%, додека мажи се 47.584, односно 43,2%. Податоците говорат за мал пораст на институции и незначително намалување на вработените во истите.

Според Единствениот регистар на земјоделски стопанства –носители, од вкупен број на земјоделски стопанства изнесува 128.989, жени носител на земјоделско стопанство се 29 153, односно 22,6%. Учеството на жените во задругите е 124 членки. Во однос на претходната година, во 2022 година бројот на земјоделските задруги е зголемен за 4 задруги, додека бројот на жените управители е 8 и останува ист. Бројот на земјоделските задруги има тренд на зголемување во првата половина од 2023 година на 10 жени управителки на земјоделски задруги.

Во 2022 година Јавни установи за згрижување и воспитание на деца − детски градинки се 73 со опфат на 34 356 деца, додека во 2023 година бројот е зголемен на 79 со опфат на 37134 деца[5]. Приватни установи за згрижување и воспитание на деца − детски градинки има 32 со опфат на 1 256 деца, додека во 2023 година бројот е зголемен на 39 со опфат на 1968 деца. Детски градинки во состав на приватни училишта што имаат својство на правно лице во 202 се 4 со опфат на 177 деца а во 2023 година се 5 со опфат на 189деца.
Во 2022 година има 1 Центар за ран детски развој како приватни правни субјекти во кој има 15 деца додека во 2023 година бројот се зголемува на 3 центри со вкупно опфатени 68 деца.
Центри за ран детски развој како јавни правни субјекти во 2022 се 2 во кои се опфатени 67 деца, во 2023 годин бројот на овие центри не е зголемен ( 2) и во нив се опфатени 48 деца.
Во 2022 година има една Детска градинки во состав на правни лица за потребите на вработените, во државна сопственост со опфат од 46 деца и истиот продолжува да функционира и во 2023 година со 51 дете.

***Краток преглед на активностите***

***Носител: Министерство за труд и социјална политика***
*Резултат:*
1.1.1 Унапреден механизам за родова еднаквост на централно ниво
1.1.2 Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците
1.2.1 Унапредени капацитетите за РОБ на сите нивоа на креирање политики и буџети
2.1.1 Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници
2.1.4. Подобрен квалитетот на работа на жените
2.1.5. Воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и на приватниот живот, во согласност со Директивата на ЕУ за баланс на професионалниот и приватниот живот
2.4.1.Жените еднакво учествуваат во сферите на донесување одлуки на највисоките национални нивоа на управување (Заложба 50-50)
2.8.1. Воспоставени и унапредени специфични мерки за ранливи категории жени и лица со различни родови идентитети, со посебно внимание кон интерсекционалност
3.1.1 Усогласена законска регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување

*Краток преглед на активностите спроведени во 2022 година*

- Голем исчекор во унапредувањето на родовата еднаквост е направен со отворањето на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање кој е формиран од страна на

[5] https://www.mtsp.gov.mk/detski-gradinki.nspx
https://www.stat.gov.mk

Министерството за труд и социјална политика, во рамки на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", имплементиран од UN Women, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска, во март 2022 година. Ресурсниот центар обезбедува обуки за унапредување на капацитетите на државните службеници во областа на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање, реализирани се 31 обуки и обучени се 401 лице вработено во јавен сектор.

- За унапредување на капацитетите на државните службеници во областа на родовата еднаквост, родово одговорното буџетирање и вклучување на родовата перспектива во политиките и програмите одржани се 18 обуки на кои учествувале 200 административни службеници кои се вклучени во процесот на подготовка на стратешките и буџетските планови, како и административни службеници со релативно кратко искуство во работата.
- Во Ресурсниот центар за родово одговорно буџетирање се организираа 13 обуки од областа превенција од секаков вид на дискриминација во кои учествуваа 201 админстративени службеници на национално и локално ниво како и ромски медијатори. Покрај обуки во Центарот се одржуваа состаноци, консултативни средби и јавни дебати.
- Во 2022 година продолжи функционирањето на работна група за изготвување на Закон за родова еднаквост со цел унапредување на законската рамка и усогласување со тековните директиви на Европска унија. Кон крајот на 2022, предлог-Законот беше поставен на ЕНЕР и се одржаа 8 јавни дебати и расправи по истиот.
- Во процесот на родово одговорното буџетирање на национално ниво, вклучени се 13 министерства и 2 агенции, и тоа: Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за одбрана, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за здравство, Агенцијата за поддршка на претприемаштвото и Агенцијата за млади и спорт.
- Изготвен е Вториот Индекс за родова еднаквост на Република Северна Македонија за 2022 година. Индексот за 2022 година за Северна Македонија изнесува 64,5 поени од максималните 100, со што се забележува напредок од 2,5 поени во споредба со последното мерење во 2019 година.
- Поднесен е Основен извештај за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, и доставен до ГРЕВИО, по што следуваше теренска евалуација односно експертска мисија од ГРЕВИО и беа организирани состаноци со сите релевантни институции и граѓански организации.

*<u>Краток преглед на активностите спроведени во 2023 година</u>*

- **Министерство за труд и социјална политика заедно со Агенцијата за вработување** го подготви Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат креирање на нови работни места и намалување на невработените лица, вклучувајќи и да се постигне еднаква застапеност на мажи и жени согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите. Во акцискиот план покрај другите корисници на мерките се и жени-жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство како корисници на мерките, самохрани родители, жени припадници на ромската етничка заедница и на останатите етнички заедници.
- Во јуни 2023 година Владата на Република Северна Македонија го донесе „Протоколот за меѓусебна соработка на надлежни субјекти за преземање мерки и превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство". Со цел имплементација на протоколот реализиран се две мултисекторски обуки, со учесници од Министерството за труд и социјална политика – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Академија на судии и јавни обвинители и Министерството за образование.

- Исто така, во овој период реализирана е обука за стручни лица кои ќе работат на психо-социјален третман за сторители на семејно насилство. Во оваа обука сертифицирани се 16 професионалци кои ќе работат во Советувалиштата за психо -социјален третман на сторители на семејно насилство. Изработена е Програма за психосоцијален третман за работа со сторители на семејно насилство и изработен е Стандард за работа со сторители на семејно насилство.
- Организирани се настани во локалната заедница за ранливите жени и девојки од трите општини (Гостивар, Струмица и Прилеп), кои имаа за цел да го презентираат системот на помош, поддршка и заштита на жените и девојките жртви на родово базирано насилство и семејно насилство на локално ниво и да се овозможи да се добијат информации за достапноста на услугите за жртвите. На овие настани активно учество имаа и претставници од институциите и граѓанскиот сектор кои даваат услуги за помош, поддршка и заштита на жените жртви на родово базирано насилство и семејно насилство во локалната заедница.
- Спроведена е кампања на социјалните медиуми „ Има помош за живот без насилство", каде објавите, видеа и статии допреа до 1,67 милион прегледи и ангажираа 57,000 индидуални корисници, 330,000 прегледи на видеа на Facebook, допреа до 620,000 прегледи на Instagram. Тоа значи дека има 455,000 индивидуалци кои биле вклучени / реагирале и/или споделиле содржина од кампањата. Како продолжување на кампањата, во тек е изработка на постер, флаер и налепници со информации за пријавување на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство, услугите кои се на располагање, а кои ќе бидат дистрибуирани во сите полициски станици, 30 центри за социјална работа, здравствени установи и матични доктори.
- Во мај 2023 година беше доставен конечен Извештај за имплементирање на Конвенција со забелешки и препораки, на која препорака министерството и РСМ коментираше согласно методологијата на известување. Комитетот на страните на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство во декември ја достави финална„ Препораката за спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство„[6].
- Секторот за еднакви можности при МТСП, како координатор на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ) и во 2023 година, продолжи со соработка со Комисијата и координација со членовите на Подгрупата, Центрите за социјална работа (ЦСР), Државниот трудов инспекторат (ДИТ), Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за сузбивање на кривични дела поврзани со криумчарење мигранти и трговија со луѓе (ОЈО ГОКК) и МВР/НЕСКМТЛ, Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и релевантнти здруженијата на граѓани (ЗГ). Функционирањето на мобилните тимови и во 2023 година го поддржува ИОМ во рамки на проектот "Поддршка на капацитетите за превенција и заштита на Република Северна Македонија„ поддржан од Банката за развој на Совет на Европа - СЕВН. Во периодот јануари – декември 2023 година, петте мобилни тимови во Скопје, Тетово, Битола, Гевгелија и Куманово беа активни во спроведувањето на програмските активности вклучувајќи редовни состаноци, теренски посети, контакти, упатувања и помош на ранливи групи, жртви и потенцијални жртви на трговија со луѓе. Вкупно 562 корисници (302 мажи и 260 жени) беа првично контактирани и информирани за достапни услуги, од кои 7- беа жртви на трговија со луѓе, 39 беа потенцијални жртви на трговија со луѓе и 519 беа ранливи категории, но без тековен ризик од трговија со луѓе. Најзастапени видови на експлоатација: сексуалната експлоатација, појавата на присилни бракови која останува континуирано присутна, трудова експлоатација и не ретко трудова експлоатација комбинирана со сексуалната експлоатација кај девојчињата.
- Родовото одговорно буџетирање и во текот на 2023 година е алатка која овозможува внесување на родовата перспектива при креирање и спроведување на политиките, програмите и буџетите се со цел да се земат во предвид различната положба и потреби на жените и мажите и различните предизвици со кои се соочуваат. Изработен е Извештај за Родово одговорно буџетирање за 2022 за мерката ,,Поддршката за креирање нови работни места,, од Оперативниот план за вработување. Извештајот е објавен на веб страната на министерството.
- Ресурсниот центар обезбедува менторство и поддршка за вклучувањето на родовата перспектива во управувањето со јавните финансии, стратешкото планирање и креирањето на политиките на државните институции. Во текот на 2023 година за родово одговорно буџетирање и вклучување на родовата перспектива одржани се 4 обуки на кои учествувале 92 административни службеници кои се вклучени

[6] https://www.mtsp.gov.mk/rodova-ramnopravnost.nspx

во процесот на подготовка на стратешките и буџетските планови, како и административни службеници со релативно кратко искуство во работата.

**Носител: Министерство за администрација и информатичко општество**
*Резултат:*
1.1.1 Унапреден механизам за родова еднаквост на централно ниво
1.1.2 Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците
1.3.1 Редовно собирање и ажурирање на родово разделени податоци на сите нивоа и кај сите релевантни чинители
3.2.1.Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги

- Во насока на подигнување на свеста за областа на родовата еднаквост помеѓу сите вработени во државната администрација подготвените Е-обуки за родова еднаквост и недискриминација кои се подготвени од МСТП поставени се на електронската платформа за е-учење (ЛМС). Евидентиран е мал број на посетеност на обуките на Електронската платформа за е-учење (ЛМС) во 2023 година.

***Носител: Завод за социјални дејности***
Резултат:
1.1.2 Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги и градоначалниците

- Изработка на годишен план и програма за континуиран професионален развој за центрите за социјална работа за 2023 и 2024 година. Изготвени се модули за почетна и континуирана професионална едукација.

***Носител: Државен завод за статистика***
Резултат:
2.1.2. Родовиот јаз во платите е намален преку соодветни мерки
3.1.2. Достапни родово разделени податоци за сите форми на РБН

- Државниот завод за статистика ја спроведе Анкета за структура на заработувачка.. Во тек е обработката на податоци, која поради користење на административен извор бара подетални контроли и анализи на податоците.
- Спроведена е Анкетата за родово базирано насилство, податоците се однесуваат само за жени, согласно методологијата на Евростат.

***Носител: Агенција за катастар на недвижности***

Резултат: 2.2 .1 Подобрена положбата на жените во руралните средини во однос на управување со земјоделски имот и земјиште

- Изготвен е Предлог на законско решение во кое се вградени законски одредби со кои се очекува да придонесат кон зголемување на сопственички права на жените на недвижен имот.
- Предлог законското решение кое е во рамките на Предлог Закон за премер, катастар на недвижности и регистри, е доставен до Министерство за правда во април 2023 година во нивна понатамошна надлежност.

***<u>Носител: Министерство за образование</u>***
***Резултат:***
2.2.4. Млади мотивирани да се занимаваат со земјоделство преку стимулативни мерки и поддршка.

2.6.1. Зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот процес од страна на девојчињата од маргинализираните заедници
2.6.2. (До)оформување на основното образование за возрасни жени Ромки и поддршка преку учество во обуки според верификувани програми за здобивање со квалификации, со цел зголемен пристап до пазарот на труд.
2.6.3. Промовиран принцип за родова еднаквост во научноистражувачка дејност.

*Краток преглед на активностите спроведени во 2022 година*

- Континуирано спроведување на Концепцијата за основно образование. Имплентацијата на новите наставни програми во учебната 2022/23 година се реализира во прво, второ, четврто и петто одделение. Обучени се вкупно 6219 одделенски наставници кои изведуваат настава во наведените одделенија. Новата концепција за основно образование има посебна глава за обезбедување родова сензитивност/рамноправност. Во неа, меѓу другото, е уредено дека образованието поттикнува вклучување на родовата перспектива во обуката на наставниците, реализира настава низ содржини во кои нема експлицитни родови стереотипи и користи пристап кој е родовосензитивен и повикува на критички однос кон родовата нееднаквост.
- Реализирани обуки на 6219 одделенски наставници од прво, второ, четврто и петто одделение во основните училишта за успешна примена на принципот за родовата еднаквост како носечки принцип на Концепцијата за основно образование. Обуката се реализираше со изготвен модул за развивање на потребните способности и вештини на наставниците од наведените одделенија за родова еднаквост.
- Реализирана е обука на тема „Унапредување на менталното здравје кај учениците“ при што 37 стручни соработници пружаа поддршка на стручните соработници на останатите основни и средни училишта во државата за спроведување на активности за унапредување на менталното здравје, која промовира родова еднаквост и недикриминација.
- Поддршка во спроведувањето на Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата од училишна возраст (HBSC – Health Behaviour in School Aged Children Study) на Светска здравствена организација и учество во промовирање на резултатите со посебен акцент на менталното здравје, родовата еднаквост и сексуалното образование.
- Изготвени се Предлог-концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебник.
- Донесени се новите наставни програми и изработени се наставни материјали за прво и четврто одделение и за второ, трето и петто одделение, кои промовираат родова еднаквост и недискриминација

*Краток преглед на активностите спроведени во 2023 година*

- Стратешки приоритети и цели на Министерството за образование и наука се и усогласувањето на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, како и модернизирањето на системот за стручно образование и обука.
- Програма „Квалитетно и инклузивно средно образование (еднакви можности на момчињата и девојчињата)“. Целта на оваа програма е обезбедување квалитетно и инклузивно средно образование и унапредување на ученичкиот стандард.
- Од страна на Бирото за развој на образованието изработени се нови наставни програми кои се базираат на принципите на родова сензитивност/ рамноправност, инклузивност, интеркултурност по наставните предмети од 3, 6 и 7 одделение согласно наставниот план за основно образование од Концепцијата за основно образование од 2021 година која промовира родова еднаквост, инклузивност и мултикултурност; одобрени 50 нови наставни програми.
- Обучени се наставници за новите наставни програми; анализирани се учебници, стручна литература и детски списанија за предучилишно, основно и средно образование и од аспект на родова сензитивност.

- Бирото за развој на образованието и во 2023 година продолжува со иницијативата за балансирано вработување  на помалку застапениот пол  односно во новите вработувања и унапредувања во Бирото да се има во предвид имплементацијата на критериумите за еднакви можности на жените и мажите согласно ЗЕМЖМ.
- Ангажирање на 35 ромски образовани медијатори од 26 општини.
- Доделени се  920 стипендии за средношколци Роми во 4 категории (од нив доделени се 503 стипендии на девојчиња/средношколки Ромки).
- Доделени се 135 стипендии на студенти Роми (меѓу нив од вкупниот
- број на стипендии доделени се 71 стипендија на студентки Ромки).

**Носител: Биро за развој на образование**
Резултат:
2.6.5. Воведено сеопфатно сексуално образование во основното образование.

- Од учебната 2021/2022 година се воведува пилот-проект со кој предметот Сеопфатно сексуално образование е воведен во деветто одделение, во три училишта: ОУ „Јан Амос Коменски“ – Карпош, ОУ „Кузман Шапкарев“ – Кисела Вода и ОУ „Братство – Миѓени“ во Тетово. За да можат наставниците (вкупно 14) да го предаваат овој предмет, односно да ја реализираат наставната програма од 36 училишни часа, спроведени се обуки за стекнување знаења и вештини за сите теми поврзани со сеопфатно сексуално образование, во согласност со последните препораки на УНЕСКО за возраст од 12 до 15 години, односно род и пол, сексуално и репродуктивно здравје и ХИВ, сексуалност, насилство, граѓански аспекти и дискриминација, тело и слика за телото и врски и односи.
- Во периодот јануари-јуни 2022 година спроведено е истражување Промена на ставовите на наставниците кон воведување Сеопфатно сексуално образование 2020-2022, за да се обезбеди увид во перцепцијата и ставот на родителите и на наставниците за воведување на наставни содржини, односно изборен предмет во основното образование, заснован на моделот на Сеопфатно сексуално образование (ССО). Истражувањето како испитаници ги вклучи наставниците од основните училишта. Резултатите од ова истражување јасно покажаа дека и наставниците имаат високо изразен афирмативен став кон потребата од сексуално образование. Исто така направена е споредба со истите податоци добиени во 2020 год., за да се стекне увид во тоа какви промени настанале кај наставниците по реализација на пилот програмата за Сеопфатно сексуално образование.
- Во 2023 година во соработка со Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА реализирани се три средби со наставници и родители од основни училишта од три општини и тоа; Кавадарци, Центар – Скопје, Гостивар за презентирање на програма за слободен изборен предмет Сеопфатно сексуално образование, со цел сензибилизација на популација наставници и родители за придобивките од спроведувањето на програмата за ССО со ученици од деветто одделение во основно образование.

***Носител: Министерство за одбрана***
Резултат:
2.7.1. Зголемено учество на жени во областа на одбраната, особено на позиции на донесување одлуки
2.7.2. Родово сензитивен персонал во одбраната, надворешната политика и внатрешните работи

<u>*Краток преглед на активностите спроведени во 2022 година*</u>

- Во процесот на родово одговорно буџетирање покрај програмата  - Воена академија, Министерството за одбрана вклучи уште една потпрограма, односно потпрограмата 11-Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство.
- Продолжи трендот на зголемување на базенот на НАТО обучувачи, вкупно се 28 НАТО сертифицирани родови обучувачи (19 жени и 9 мажи).
- Во однос на стручното оспособување и усовршувањето во странство, од вкупно 162 лица  од МО и Армијата  упатени на стручно оспособување и усовршување во странство, 32, односно 20 % се жени, а 130 лица, односно 80 % се мажи. Во однос на обуки во земјата за воен и цивилен персонал од Армијата од обучени вкупно 482 учесници , 310 односно 65% се мажи а 172 односно 35% се жени.

- Се бележи-зголемување на застапеноста на жените во Армијата, која во 2022г изнесува 10,80 % ,
- Во учебната 2022/2023 година, се задржува високиот процент на запишани питомки на воената академија и истиот изнесува 21%.
- Изработена е и објавена Регионална студија за интеграција на родовата перспектива во образование и обуки на одбранбените системи во државите од Западен Балкан – Студија за почетна состојба.[7]

*Краток преглед на активностите спроведени во 2023 година*

- Министерство за одбрана, продолжува со вклучување родовата перспектива во сите сегменти од работните процеси и стратешки документи.
- Продолжи со мониторирање и известување за имплементацијата на Вториот Национален акциски план (НАП) на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуција 1325, Жени, Мир и Безбедност (2020-2025).
- Продолжуваат да функционираат интерните механизми за заштита од вознемирување на работното место во Министерството и Армијата, преку Овластено лице и заменик овластено лице за заштита од вознемирување и триесет и шест (36) родови претставници за совет и поддршка при вознемирување на работно место во Министерството и Армијата, како и на веб страницата на Министерството преку посебен пот прозорец „Стоп вознемирување “.
- Се применува принципот на еднакви можности и води преглед на родово разделени податоци во делот на стручното оспособување и усовршување и тоа: Обуки во земјата (специјализирани обуки) организирани од Министерството, Стручно оспособување и усовршување во странство (курсеви, семинари, обуки).
- Во континуитет продолжува трендот на зголемено учество на жени во областа на одбраната, особено на позиции на донесување одлуки. Во 2023 година застапеноста на жените во Армијата, изнесува 11,23%.
- Во учебната 2023/2024 се бележи задржување на високиот процент на запишани питомки, кој изнесува 40% додека на курсот за стручно оспособување и усовршување на офицери за потребите на Армијата жените се застапени со 37%.
- Две жени се упатени на Школа за национална одбрана, а една жена на Командна штабна академија. Во постојаната делегација на НАТО во Брисел, Кралство Белгија се упатени на работа две жени, а една жена е упатена во Постојаната мисија при ОБСЕ во Виена, Австрија.

***Носител: Министерство за правда***
Резултат:
2.9.1. Законите, мерките и политиките овозможуваат еднаков пристап до правда за жените од ранливите категории
3.1.1 Усогласена законска регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување

*Краток преглед на активностите спроведени во 2022 година*

- Продолжува да се спроведува примарната правна помош која е обезбедена преку:подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерството за правда, преку овластените здруженија регистрирани во Регистарот на овластени здруженија за давање бесплатна правна помош при Министерството за правда и правните клиники регистрирани во Министерството за правда за давање бесплатна правна помош.
- Изработени измени и дополнувања на Кривичниот законик.
- Донесен Правилник за содржината и начинот на прибирање на податоците за родово базирано насилство врз жените и жртвите на семејно насилство во судовите[8] и Правилник за содржината и

[7] https://mod.gov.mk/storage/2023/01/integracija-na-rodova-perspektiva-vo-voenoto-obrazovanie-i-obuka.pdf
[8] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 268/2022

начинот на прибирање на податоците за родово базирано насилство врз жените и жртвите на семејно насилство во јавните обвинителства[9].

- Во однос на Програмата за бесплатна правна помош, од 3167 подносители на барање за примарна правна помош, мажи биле 1878 и жени 1289; 254 биле подносители на барање за секундарна правна помош, од кои мажи 88 и жени 166; примарна правна помош добиле 1878 мажи и 1289 жени и секундарна правна помош е одобрена на 88 мажи и на 166 жени.
- Од превидените средства за Програмата за бесплатна правна помош во буџетската 2022 година исплатени се средства во вкупен износ од 2.853.768,00 денари.
- Во организација на Програмската канцеларија на Совет на Европа во април и мај 2022 година одржани се каскадни обуки за подрачните одделенија на Министерство за правда а во периодот јуни-октомври обуки за адвокати за постапување во случаи на семејно и родово базирано насилство.

*Краток преглед на активностите спроведени во 2023 година*

- Усвоени измени и дополнувања на Кривичниот законик[10] со кои се врши усогласување на Кривичниот законик со Истамбулската конвенција.
- Се подготвува нов Предлог на Закон за кривична постапка, во кој ќе се вградат сите релевантни меѓународни стандарди и праксата на ЕСЧП.
- При реализација на Програмата за бесплатна правна помош од: 2626 подносители на барање за примарна правна помош, мажи биле 1521 и жени 1105; 233 биле подносители на барање за секундарна правна помош, од кои мажи 77 и жени 156; и примарна правна помош добиле 1521 мажи и 1105 жени и секундарна правна помош е одобрена на 77 мажи и на 156 жени. За остварување на целите на програмата за бесплатна правна помош во буџетската 2023 година исплатени се средства во вкупен износ од 3.315.556,00 денари.
- Во организација на Програмската канцеларија на Совет на Европа во текот на 2023 година беа одржани: - обуки за адвокати за постапување со деца и за семејно и родово базирано насилство, -тридневна обука (25-17.05.2023 г.) за 50 вработени во подрачните одделенија на Министерството за правда, МВР и Центрите за социјална работа за пристап до правда во случаи на домашно и родово базирано насилство и случаи со деца и – обуки за студенти од правните клиники регистрирани за давање на БПП.

***Носител: Агенција за аудио и аудиовизуелни медумски услуги***
***Резултат:***
2.4.4. Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите (ААВМУ)
3.2.1.Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги
3.2.5.Медиуми што не промовираат стереотипи и стереотипни улоги, туку родова еднаквост и различности

*Краток преглед на активностите спроведени во 2022 година*

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 9 јуни 2022 година спроведе работилница со медиумски професионалци насловена „Родовозаснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување". Учествуваа претставници од 13 национални телевизии и радија (и од Јавниот сервис и од комерцијалните радиодифузери) од кои, 11 беа жени, а двајца мажи. На работилницата со свои презентации и прилози учествуваа претставници на граѓански организации, на Агенцијата и експерти, а за учесниците/чките беа обезбедени примероци од „Прирачникот за известување за родово базираното насилство" кој беше изготвен во рамки на проект на ХОПС и од „Водичот на АВМУ за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите" изработен во рамки на проектот ЈУФРЕКС 2.
- На 28 март 2022 година, беа презентирани наодите од редовното годишно истражување за родот и медиумите на АВМУ насловено „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување

[9] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 267/2022
[10] Службен весник бр. 36/2023

на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии“. Во текот на годината започна родовата анализа на програмите на националните телевизии за 2022 година, фокусирана на родовите прашања и претставувањето на жените и мажите во забавните програми.
- Почнат е проект за усогласување со директивата за аудиовизуелни медиумски услуги„ ЕУ за слободата на изразување: Усогласување на националното законодавство за медиуми со легислативата на ЕУ и медиумските стандарди“.

*Краток преглед на активностите спроведени во 2023 година*

- Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги како регулаторното тело продолжува активно да придонесува кон подобрувањето на еднаквоста во општеството и тоа и преку учество во глобалните процеси и преку конкретни сопствени активности.
- Подготвени се: Анализа на начинот на кој националните телевизии известуваат за родово засновано насилство; Анализи за половата структура на сопствениците и вработените во радијата и телевизиите.
- Сите активности и документи поставени се на посебната веб страница www.rodotimediumite.mk

**Носител: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
Резултат:
2.1.1. Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници
2.2.1. Подобрена положбата на жените во руралните средини во однос на управување со земјоделски имот и земјиште
2.2.3. Зголемено учество на жените во програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

**Носител: Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој**
**Резултат:**2.2.2. Намалена неплатената работа што ја вршат жените во руралните средини (АФПЗР)

*Краток преглед на активностите спроведени во 2022 година*

- Со Мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство, во 2022 се поддржани 70 жени земјоделки со грантови до 6.000,00 евра.
- Подготовка на Програма за обезбедување на социјална сигурност за жените кои вршат земјоделска дејност.
- Мерките 113 "Поддршка за поттикнување на земјоделско производство", 121 "Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" и 131 "Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" се однесуваат само за инвестиции за набавка на земјоделска механизација. Жените земјоделки имаат можност да добијат повеќе бодови при рангирање на барателите за финансиска поддршка доколку бараниот вкупен износ по мерка е поголем од оној износ што е планиран во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.

*Краток преглед на активностите спроведени во 2023 година*

- Владата во 2023 година ја донесе Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат индивидуална земјоделска дејност („Службен весник на РСМ“ бр.31/23). Со Програмата се обезбедени средства во вкупен износ од 4.000.000 денари, за користење на надоместок во висина од 81.000.000 денари за отсуство за мајчинство за време на спреченост на поради одржување на земјоделска дејност поради раѓање. Реализацијата на средствата е преку Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој;
- Мерка 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство". Оваа мерка е исклучиво наменета за жени земјоделци со максимален износ на поддршка со износ од 360.000

денари по корисник. Реализација на средствата е преку Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој.

